

# АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ НА ФЕМИЦИДИ

## УБИСТВА НА ЖЕНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2017 – 2020 година



# АНАЛИЗА НА СЛУЧАИ НА ФЕМИЦИДИ

## УБИСТВА НА ЖЕНИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

2017-2020

Скопје, септември 2021

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка на Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија во рамките на проектот „Подобрување на националните практики во врска со мало и лесно оружје и градење заедници отпорни на насилство“ (Improving National SALW-related Practices and Building Violence Resilient Communities). Проектот го спроведува канцеларијата на УНДП во Скопје, во рамките на „Патоказот за одржливо решение за нелегалното поседување, злоупотреба и трговија со мало и лесно оружје и муниција во Западен Балкан до 2024 година“.

Автор на публикацијата

Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство „Глас против насилство“

Авторка: Елена Димушевска

Истражувачки: Антигона Алили, Фросина Ивановска

Содржината на публикацијата и ставовите во неа се од исклучива одговорност на авторите и не ги претставуваат гледиштата на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и на Министерството за надворешни работи на Сојузна Република Германија.

Copyright © 2021

Програма за развој на Обединетите нации

Јордан Хаџи Константинов - Џинот 23 1000, Скопје

Сите права се задржани. Ниту еден дел од оваа публикација не смее да биде репродуциран, зачуван на систем за споделување, или пренесен, во било која форма или на било кој начин, електронски, механички, преку фотокопирање или на друг начин, без претходна дозвола од УНДП.

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| 1. Вовед | 4 |
| 2. Дефинирање на фемицидите | 6 |
| 3. Национално законодавство | 11 |
| 4. Методологија | 14 |
| 5. Наоди | 16 |
| 6. Наоди од спроведени увиди во судски предмети | 18 |
| 7. Фемициди и огнено оружје | 22 |
| 8. Медиумско претставување на случаите на фемициди | 23 |
| 9. Заклучоци | 26 |
| 10. Препораки | 28 |
| 11. Библиографија | 29 |

# ВОВЕД

Фемицидите, односно убиствата на жени и девојчиња, се една од главните причини за за прерана смртност на жените на глобално ниво и претставуваат најекстремна форма на насилство врз жени. Фемицидите се глобален проблем, кој е препознаен од меѓународната заедница уште пред 25 години. Според објавената студија на Организацијата на обединетите нации за дроги и криминал (UNODC), вкупно 87.000 жени се убиени во 2017 година. Повеќе од половина од нив (50.000 жени или 58%) се убиени од интимен партер или друг член на семејството, од каде што произлегува податокот дека секој ден 137 жени се убиени од некој близок, некој кому му верувале[1]. Истата студија дава податок дека во 2012 бројот на убиени жени од интимен партнер на глобално ниво бил 48.000 (47% од вкупниот број убиени жени). Оттука може да се заклучи дека бројот на фемициди – убиства на жени има тенденција да се зголемува низ годините. Според податоците од оваа студија, Африка е регион каде што жените се во најголем ризик да бидат убиени (3.1 на 100.000 женска популација), додека Европа е регион каде што ризикот е најмал (0.7 на 100.000 женска популација).

Како најекстремна форма на насилство, фемицидите претставуваат закана за безбедноста на жените низ целиот свет. Иако се јавуваат во различни контексти, како последица на интимно партнерско и семејно насилство, сексуално насилство, вооружен конфликт или заради т.н. зачувување на честа на семејството („убиства во име на честа"), сепак главните причини се нееднаквата распределба на моќ помеѓу мажите и жените и длабоко вкоренетите патријархални вредности, дури и во развиените земји.

Оваа анализа е реализирана со поддршка на проектот на германската влада „Подобрување на националните практики во врска со мало и лесно оружје и градење заедници отпорни на насилство" спроведуван од УНДП. Проектот е дел од поширока регионална инцијатива, Патоказ кон одржливи решенија за нелегално поседување, злоупотреба и илегална трговија на мало и лесно оружје и муниција во Западниот Балкан до 2024. Преку подобрување на прибирање податоци, анализа и десеминација на информации поврзани со малото и лесно оружје се обезбедува политиките и практиките за негова контрола да бидат водени од анализи и базирани на докази. Родовиот аспект на проектот е од особена важност за овие политики и практики да дадат најдобри резултати за градење општество отпорно на насилство.

Светската здравствена пандемија со ковид-19 го зголеми ризикот од родово базирано насилство. Во првите три месеци од почетокот на пандемијата, повеќе европски земји, како и земјите од Западен Балкан, објавија статистики за зголемување на бројот на пријави за семејно насилство од дури 30-40%. Системите за заштита на жените жртви се реорганизираа со цел обезбедување итна помош и поддршка на жртвите. Во Република Северна Македонија беше забележан пораст на пријавите на семејно насилство, особено по завршување на вонредната состојба и намалување на мерките за забрана за движење.

Она што е значајно е зголемување за 25% на бројот на поплаки за семејно насилство во 2020 г., особено во првата половина на годината, за време на вонредната состојба и карантинските денови. На годишно ниво, споредено со 2019, се бележи зголемување од 18% на поплаки за семејно насилство. Според податоците на МВР, во 2020 г. немало значително зголемување на бројот на кривични дела поврзани со семејно насилство споредено со 2019 г. Според официјалната статистика на МВР, бројот на кривични дела во 2019 г. бил 989[2], а во 2020 г. - 992[3]. Останува високиот процент на жени жртви на кривични дела од семејно насилство од 81%, односно 85%.

Женските граѓански организации што раководат со специјализирани сервиси за жени жртви на насилство, известија за зголемениот број на повици на С.О.С линиите и услугите за бесплатна правна помош и за време на вонредната состојба. Организациите упатија и апел за итно реорганизирање на работата на центрите за социјална работа и за адаптирање на новонастата ситуација.

Прогласувањето вонредна состојба на територијата на Северна Македонија, во март 2020 година, значеше и усвојување итни мерки (здравствени, социјални и економски) за помош во надминување на последиците од здравствената криза. Но, заштитата на жртвите на семејно насилство, особено на жените и децата, кои

1 Global study on homicide: Gender related killing of women and girls, 2019 достапно на линкот

2 Годишен извештај 2020, Министерство за внатрешни работи, линк

3 Одговор на Барање за информации од јавен карактер, 9.2.2021, Министерство за внатрешни работи

се во поголем ризик, беше целосно изоставена како аспект што требаше да биде вклучен во итните мерки. Националната мрежа против насилство врз жени на почетокот на месец април 2020 година испрати две барања до Владата на РСМ: Барање за дополнување на одлуката за забрана за движење на граѓаните на целата територија на државата[4] и Барање за изрекување итни мерки за заштита на жени и деца жртви на семејно насилство додека трае вонредната состојба[5].

Одговорот од институциите на испратените барања и преземените чекори од нивна страна за адаптирање на системот на заштита на новонастанатата ситуација се претставеин во документот што го подготви Мрежата – Преглед на преземени итни мерки и чекори за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство од Владата и надлежните институции[6].

Во периодот април – мај 2020, за време на вонредната состојба и забраните за движење, се случија два фемициди во Скопје[7], што само укажа на фактот за итна потреба од мобилизација и реорганизација на институциите со цел обезбедување заштита на жртвите во време на пандемија. За жал, како што покажа и гореспоменатиот документ, институциите не сметаа дека ова прашање е приоритетно и не прездоа значајни чекори за унапредување на заштитата на жените жртви на родово базирано и семејно насилство.

Родово базираното насилство и фемицидите како најтешка форма, исто како и вирусот ковид-19, може да се појават во сите слоеви на општеството, не дискриминираат и не избираат возраст, националност и социо-економска положба. Како што многу меѓународни експерти, меѓу кои и агенциите на Обединетите нации, го нарекуваат, тоа е „скриена" пандемија поради која илјадници жени и девојки  ги губат своите животи од страна на лица на кои им веруваат.

Целта на оваа анализа е да ја покаже состојбата со убиства на жени и девојки во Република Северна Македонија во периодот од 2017 до 2020 година, а е продолжување на првата Анализа на случаи на фемициди – убиства на жени во Република Македонија[8] спроведена од Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, со техничка и финансиска поддршка од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

Наодите добиени од анализата ќе бидат искористени за развивање препораки за унапредување на системот на превенција и заштита на жените жртви на родово базирано и семејно насилство, што ќе придонесе и за превенирање на случување фемициди како последица од долгогодишна изложеност на интимно партнерско и семејно насилство.

4  Барање за дополнување на одлуката за забрана на движење на граѓаните на целата територија на државата, достапно на линкот

5  Барање за изрекување итни мерки за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство додека трае вонредната состојба, достапно на линкот

6 Преглед на преземени итни мерки и чекори за заштита на жените и децата жртви на семејно насилство од Владата и надлежните институции, достапно на линкот

7 Два фемициди за неполни две недели се знак дека системот потфрла во справувањето со семејното и родово базираното насилство, достапно на линкот

8  Анализа на фемициди – убиства на жени во Република Македонија, 2018, достапно на линкот

# ДЕФИНИРАЊЕ НА ФЕМИЦИДИТЕ

Како основач на концептот за фемициди се смета американската феминистка Дијана Х. Расел, која во 1976 година, на првиот Меѓународен трибунал за злосторства против жените, изјавила: „Го избрав новиот термин фемицид да ги означува убиствата на жени од страна на мажи, само затоа што се жени". Иако зборот фемицид веќе бил познат во англосаксонскиот јазик, употребувајќи го, Расел му додала политичко значење и го ставила во пошироката феминистичка политичка рамка. Подоцна, Расел го редефинира концептот на фемициди како „мизогино убиство на жени" од страна на мажите и екстремна манифестација на сексуално насилство – додаток предложен од Лиз Кели, кој става акцент на родовата природа на насилството врз жените и се фокусира на машката желба за моќ, доминација и контрола[9].

Обединетите нации го дефинираат фемицидот/феминицид како „родово базирано убиство на жени", кое може да има многу форми, како: интимно – партнерско убиство, убиство на жени обвинети за вештерство/волшебништво, убиство на жени во „име на честа", убиство на жени во вооружени конфликти, убиство на жени поради мираз, убиство како резултат на сексуална ориентација или родов идентитет итн.

Виенската декларација за фемициди10 ги дефира како „убиства на жени поради нивниот род", а кои може да имаат форма на: 1) убиство како резултат на семејно/интимно партерско насилство; 2)тортура и мизогино убивање жени; 3) убивање жени во „име на честа"; 4) таргетирано убивање жени во вооружен конфликт; 5) убиства на жени поради мираз; 6) убиства на жени поради нивната сексуална ориентација и родов идентитет; 7) убиства на Абориџини и домородни жени и девојчиња поради нивниот род; 8) женски инфантицид и фетицид (родово базирана полова селекција); 9) смрт како резултат на женско генитално осакатување; 10) убиства поради обвинение за вештерство; 11) друг тип фемициди поврзани со банди, организиран криминал, дрога, трговија со луѓе и поседување оружје.

Европскиот институт за родова еднаквост (EIGE), земајќи ги предвид искуствата на европските земји, направи обид да развие две дефиниции за фемицид: едната општа, која е извлечена од Виенската декларација спомната претходно, и другата статистичка, која ги ограничува фемицидите на интимни партнерски убиства и убиства на жени како резултат на штетни практики.

Општата дефиниција гласи:

*„Терминот фемицид означува убиства на жени и девојчиња поради нивниот род, сторени и толерирани од приватни и јавни актери. Ги опфаќа, убиствата на жени како последица на интимно партнерско насилство, тортура и мизогино убивање жени, убиства на жени и девојчиња во „име на честа" и убиства како последица на други штетни практики, таргетирани убиства на жени и девојчиња во вооружен конфликт и случаи на фемициди поврзани со банди, организиран криминал, дилери на дрога и трговија со жени и девојчиња".*

Статистичката дефиниција гласи:

*„Убиства на жени од страна на интимен партнер и смрт на жени како последица на практики штетни за жените. Под интимен парнер се подразбира поранешен или сегашен сопруг или партнер, без разлика дали сторителот го делел или не го делел истото живеалиште со жртвата".* [11]

Европскиот институт за родова еднаквост, исто така, има направено анализа на законското регулирање на фемицидите во земјите членки на Европската Унија[12]. Непостоењето посебна дефиниција за фемицид

9 Femicide across Europe, достапно на линкот

10 Statement submitted by the Academic Council on the United Nations System, a non-governmental organization in consultative status with the Economic and Social Council ,достапно на линкот

11 femicide | European Institute for Gender Equality (europa.eu)

12 Terminology and indicators for data collection: Rape, femicide and intimate partner violence - Report | EIGE (europa.eu)

во ниедна од европските земји ги поттикнало авторите на овој документ да ги анализираат дефициите за основното дело убиство со посебен фокус кога делото е извршено во контекст на интимно партнерско насилство, а земајќи ги предвид различните елементи на делото, како што се: намерно убиство, родово базирано убиство на жена од страна на маж, убиство на поранешен/сегашен партнер, смрт на жени како резултат на интимно партнерско насилство, смрт како последица од женско генитално осакатување и смрт како последица на небезбеден абортус.

Во Табела 1 се претставени компонентите на фемицидот регулирани во законодавството во земјите членки на ЕУ. Со ѕвезда (*) се означени земјите во кои специфичната компонента е предвидена како отежнителна околност.

| | **Земји членки на Европска Унија** | **Вкупно земји членки** |
|---|---|---|
| Убиство со умисла | ДА: Белгија, Бугарија, Чешка, Германија, Естонија, Ирска, Грција, Шпанија, Франција, Хрватска, Италија, Кипар, Латвија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Холандија, Австрија, Полска, Португалија, Романија, Словачка, Шведска, Англија | 24 |
| | НЕ: Данска, Малта, Словенија, Финска | 4 |
| **Родово базирано убиство на жени** | ДА: (Белгија, Естонија, Грција, Шпанија, Португалија, Словенија) | 6 |
| | НЕ: (Бугарија, Чешка, Данска, Германија, Ирска, Франција, Хрватска, Италија, Кипар, Латвија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија, Австрија, Полска, Романија, Словачка, Финска, Шведска, Англија). | 22 |
| Убиство на партнер/брачен другар | ДА: (Данска, Естонија, Франција, Латвија, Литванија, Португалија, Романија) | 7 |
| | НЕ: (Белгија, Чешка, Данска, Германија, Ирска, Франција, Хрватска, Италија, Кипар, Латвија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија, Австрија, Полска, Словенија, Словачка, Финска, Шведска, Англија) | 21 |
| Убиство на жени како резултат на интимно партнеско насилство | ДА: (Данска, Шпанија, Франција, Латвија, Литванија, Португалија, Романија) | 5 |
| | НЕ: (Белгија, Бугарија, Чешка, Данска,Германија, Ирска, Грција, Франција, Кипар, Латвија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија, Португалија, Полска, Романија, Словенија, Словачка, Финска, Шведска, Англија). | 23 |
| Смрт како резултат на женско генитално осакатување | Посебно кривично дело: (Белгија, Данска, Франција, Италија, Кипар, Луксембург, Холандија, Полска, Словачка) | 9 |
| Смрт како резултат на небезбеден абортус | Посебно кривично дело: (Белгија, Германија, Грција, Хрватска, Кипар, Латвија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Австрија, Романија, Словенија, Шведска, Словачка) | 14 |
| Убиства поради мираз | Ниту една од 28 членки не наведува дека ќе подлежи на убиство, но со конкретни отежнувачки околности идентификувани | 0 |
| Убиства во име на чест | Ниту една од 28 членки не наведува дека ќе подлежи на убиство, но со конкретни отежнувачки околности идентификувани | 0 |
| Женски Фетицид | Ниту една од 28 земји членки ја нема оваа компонента. (Убиството на дете е посебен престап во неколку земји членки) | 0 |

На овој начин се анализирани и дефинициите за убиства усвоени од меѓународните организации (Европски парламент, Евростат, Совет на Европа, Виенска декларација за фемициди, Светска здравствена организација, Специјална известувачка на Обединетите нации за насилство врз жени, Висок комесар на Обединетите нации за човекови права). Наодите од дефинициите се претставени во Табела 2.

**Табела 2:** Најчесто користени европски и интернационални елементи на дефиниции за фемицид

| | Убиство со умисла | Родово засновано убиство | Контекст на континуирано насилство | Позиција на потчинетост, маргинализација и ризик | Убиство на жени од поранешни интимни партнери или како резултат на интимно партнерско насилство | Убиства на жени кои вклучуваат сексуално насилство | Убиство во име на чест | Смрт како последица на женско генитално осакатување | Женски инфантицид | Смрт како последица на небезбеден абортус | Убиство поради мираз |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Европски парламент | √ | √ | | | | | | | | | |
| Европска книга на статистика за криминал и кривична правда HEUNI | √ | | | | | | | | | | |
| Евростат | √ | | | | | | | | | | |
| Парламентарно собрание на Советот на Европа | √ | √ | √ | √ | √ | | | | | | |
| Виенска декларација за фемициди (Обединети нации) | √ | √ | | | √ | | √ | √ | √ | | √ |
| Светска здравствена организација | √ | √ | √ | √ | √ | √ | √ | | | | √ |
| Специјална известувачка за насилство врз жените - Обединети нации | √ | √ | √ | √ | √ | | √ | √ | √ | √ | √ |
| Висок комесар за човекови права - Обединети нации | √ | √ | | | √ | √ | | √ | | | |
| Класификација на кривични дела за статистички цели | √ | | | | | | | | | | |

На меѓународно ниво не постои општоприфатена дефиниција за фемицид, па затоа како појдовна точка се користи основната дефиниција на убиство. При тоа се земаат предвид елементите што секоја од земјите ги користи за поспецифично дефинирање на родово базираното убиство на жени. Во законите на различните земји, овие елементи се претставени како отежнителни околности при квалификување на делото, иако наодите од истражувањето на Европскиот институт за родова еднаквост покажуваат дека многу мал број на земји членки, всушност, ги има предвид овие отежнителни околности. „Намерно убиство" е елемент на

дефиницијата за убиство во 24 земји членки на ЕУ; „родово базирано убиство на жена од страна на маж" е отежнителна околност во 6 земји членки; „убиство на поранешен/сегашен партнер" е вклучено како отежнителна околност во 7 земји членки; „смрт на жени како резултат на интимно партнерско насилство" постои како отежнителна околност кај 5 земји членки, додека смрт како последица на женско генитално осакатување не влегува во дефиницијата за убиство во ниедна земја членка, односно само 9 земји членки го препознаваат како посебно кривично дело. Сличен е и наодот за „смрт како последица на небезбеден абортус", кој е посебно кривично дело кај 14 земји членки.

Непостоењето на единствена дефиниција на фемицид го отежнува прибирањето на статистички потатоци за овој најекстремен облик на родово базирано насилство. Дополнително како проблем се јавува и непостоењето на унифициран систем за прибирање податоци на национално и меѓународно ниво.

Според истражувањето на Организацијата на обединетите нации за droги и криминал (UNODC) објавено во 2019 година (кое е единствено истражување што обезбедува статистика за бројот на убиства на жени на глобално ниво), шест од десет жени во светот (58%) се намерно убиени од интимен партнер или друг член на семејството. Поконкретно, од вкупниот број убиства на жени, 34% се извршени од интимен партнер, 24% од член на семејството, а преостанатите 42% од сторител надвор од семејството. Важно е да се напомене дека не постои рамномерна распределба на процентот на убиства во различните региони во светот. Имено, Африка има највисок процент – во 68% од вкупниот број убиства на жени сторителот е интимен партнер или член на семејството, а во Европа овој процент изнесува 38[13].

Истото истражување дава информација дека едно од пет убиства глобално е извршено од интимен партнер или друг член на семејството, како и дека жените се најчесто жртви на овој тип убиства – 36% од жртвите се мажи, додека 64% се жени, што само го потврдува фактот дека домот е најнебезбедно место за жените и дека тие се најчесто убивани од близок човек кому му веруваат.

Состојбата со убиства на жени и фемициди во одредени земји во Европа е претставена во Табела 3. Со црна боја се означени вкупниот број убиени жени, а со виолетова боја се означени убиствата на жени извршени од интимен партнер или член на семејството – фемициди.

**Табела 3:** Стапка на убиства на жени и фемициди на 100.000 женска популација во одредени земји во Европа, за 2016 година




*Извор: Статистики за убиства на УНОДЦ.*

13 Global study on homicide: Gender related killing of women and girls, 2019 достапно на линкот

Во Република Северна Македонија, во периодот од 2008 до 2020 година се убиени вкупно 96 жени, од кои најмалку 50 се фемицидици.

Стапката на убиства на жени и фемициди за периодот опфатен со оваа анализа е претставен во следнава табела. Процентот на фемициди на 100.000 женска популација е претставен во табела 3.

**Табела 3:** Стапка на убиства на жени и фемициди во Северна Македонија за период 2017 - 2020



# НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО

Македонското законодавство не го препознава терминот фемицид, па оттаму и не го регулира како посебно кривично дело. Она што е дел од кривичниот законик е основното убиство (член 123), а вршењето на кривичното дело Убиство во семејно насилство е предвидено како отежнителна околност во истиот член, став 2, точка 2. Со вклучувањето на семејното насилство како отежнителната околност се предвидува потешка казна за сторителот, односно од минимум 10 години до доживотен затвор. Покрај лишување од живот при вршење на семејното насилство (точка 2), во член 123 од Кривичниот законик 14 се дефинирани следниве отежнителни околности:

1. друг ќе лиши од живот на свиреп или подмолен начин;
2. друг ќе лиши од живот и притоа со умисла ќе го доведе во опасност животот на уште некое лице;
3. друг ќе лиши од живот од користољубие, заради извршување или прикривање друго кривично дело, од безобѕирна одмазда или од други ниски побуди;
4. друг ќе лиши од живот по порачка;
5. ќе лиши од живот женско лице за кое знае дека е бремено или малолетно лице;
6. ќе лиши од живот судија, јавен обвинител или адвокат, при вршењето на неговата функција, односно дејност или службено или воено лице при вршењето на работите на јавната или државната безбедност или на должноста чување на јавниот ред, фаќање сторител на кривично дело или чување лице лишено од слобода.

Република Северна Македонија ја ратификува Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жени вклучувајќи и семејно насилство (позната како Истанбулска конвенција) во декември 2017 година, а таа стапи во сила во јули 2018 година. Во насока на поефективна имплементација на Истанбулската конвенција преку усогласување на националното законодавство со одредбите од овој документ, во октомври 2018 година беше развиен и усвоен од Владата на РСМ Национален акциски план 2018 – 2023 (НАП). НАП-от ги вклучува сите релевантни институции и ги предвидува сите промени што треба да се направат во трите идентификувани области: легислатива, превенција и заштита.

Кривичниот законик е еден од основните закони што треба да се усогласат со одредбите на Истанбулската конвенција, односно да се направат измени и дополнувања за криминализирање на сите форми на родово базирано насилство. Според Извештајот за напредокот на РСМ при спроведување на Националниот акциски план за Истанбулската конвенција за период од две години (октомври 2018 – октомври 2020)[15], *„формирана е работна група во рамките на Министерството за правда во која граѓанските организации не се поканети да учествуваат, иако соработката со нив е предвидена и во НАП-от за имплементација на ИК. Пред формирањето на оваа група, во периодот што претходеше, Кривичниот законик е разгледуван и дополнуван од затворена работна група формирана од МАНУ и ОБСЕ“.*

Во перидот на подготовка на оваа анализа, беше споделен предлог-текстот од Кривичниот законик подготвен од работната група, со предложените измени и дополнувања, со кои е предвидено дефинирање на родово базирано насилство во поимникот на законот, усогласување на елементите на кривичното дело силување со одредбите од Конвенцијата, како и криминализирање на демнење, сексуално вознемирување, психолошко насилство, генитално осакатување и построго казнување за кривичните дела што се извршени заради зачувување на честа. Во однос на убиствата на жени, фемицидот не е препознаен како посебно кривично дело, но *постои отежителната околност ако делото е извршено при родово базирано или семејно насилство.*

Предлог-текстот е усвоен од Владата на РСМ на 28 јули 2021 година и е влезен во собраниска процедура, што остава простор да се направат дополнителни измени и дополнувања.

Со самата ратификација на Истанбулската конвенција, државата ги има прифатено одредбите регулирани

14 Кривичен законик, достапен на линкот

15 Извештај за напредокот на Р. Северна Македонија при спроведувањето на Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција, достапен на линкот

во тој документ и се има обврзано да ги почитува. Имено, независно од тоа дали ќе се направат измените и дополнувањата во националното законодавство, одредбите од Истанбулската конвенција може да бидат користени во судската пракса со исклучок на членовите на кои државата ставила резерва, а согласно член 118 од Уставот на Република Македонија[16].

Земајќи превид дека Истанбулската конвенција ги препознава различните форми на насилство врз жени и убиството на жени како физичко насилство кое може да резултира со смрт, дава препораки за кривично гонење на сторителите и ги предвидува отежнителните околности при утврдување на санкцијата, македонскиот судски систем треба да ги користи во пракса овие одредби.

Отежнителни околности според Истанбулската конвенција се:

а. кривичното дело е извршено врз поранешен или сегашен сопружник односно партнер во согласност со националното законодавство, од страна на член на семејството, лице што живее заедно со жртвата или лице што го злоупотребило својот авторитет ;

б. кривичното дело, односно сродните дела биле повторувани;

в. кривичното дело е извршено врз лице што било ранливо поради определени околности;

г. кривичното дело е извршено врз или во присуство на дете;

д. кривичното дело е извршено од двајца или повеќе луѓе што постапувале заедно;

ѓ. на кривичното дело му претходело или е извршено со екстремно ниво на насилство;

е. кривичното дело е извршено со употреба или закана од оружје;

ж. кривичното дело резултирало со тешка физичка или психичка последица за жртвата;

з. сторителот бил претходно осудуван за дела од слична природа.

Од аспект на граѓанско-правна заштита на жртвите на родово базирано насилство, државата прв пат во јануари 2021 усвои закон во кој се препознаени сите форми на родово базирано насилство и во кој се предвидува специфична заштита за сите жени жртви на различните форми на насилство преку воспоставување специјализирани сервиси за помош и поддршка. Подготовка и усвојување на новиот закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство беа предвидени во Националниот акциски план за имплементација на Истанбулската конвенција, а негова главна цел е да го унапреди системот за заштита на жените жртви на различни форми на родово базирано насилство.

Поимникот на законот во член 3 специфично дефинира што опфаќа тој и што се подразбира под „насилство врз жените“ (став 1), „родово базирано насилство“ (став 2), „семејно насилство“ (став 3) и „интимно партнерско насилство “(став 5). Новиот закон ја дефинира реинтеграцијата на жртвите на насилство (член 99), прв пат во системот на заштита од насилство врз жени и семејно насилство, каде што преку посебна програма за реинтеграција на жртви на насилство, ќе се обезбедат следниве услуги: привремено домување, психолошко советување со менторство, разни видови финансиска помош специјално наменета за жени жртви на насилство, можности за образование и обука од различни области, како и мерки за вработување утврдени со закон. Според овој член, надлежните институции ќе бидат обврзани да ги препознаваат жртвите на насилство како посебна ранлива категорија и да развиваат програми и мерки во согласност со специфичните потреби на жените жртви на насилство.

Едно од најзначајните подобрувања регулирани со овој закон е принципот на должно внимание, кој ги обврзува сите учесници во системот на заштита да ги преземат *сите соодветни законодавни, административни, судски и други мерки за да превенираат, да заштитат, да истражат, казнат и да обезбедат правичен надоместок за жртвите или враќање во првобитна положба за дејствата на насилство што се извршени од физички или правни лица*[17]. Основни начела на законот се недискриминација, забрана за виктимизација, ранливи жени, соодветно прилагодување за жени со попреченост, родово одговорна политика и зајакнување на жените жртви на насилство.

Во однос на граѓанскиот систем на заштита, центрите за социјална работа (ЦСР) ги имаат истите надлежности како и претходниот закон. Мерките за заштита преземени од ЦСР во член 46 се прошируваат на следниов начин: а) обезбедува привремена грижа; б) осигурува дека жртвата ја добива потребната медицинска помош и, ако е потребно, ја придружува во најблиската здравствена установа; в) осигурува дека

16 Устав на Република Македонија, достапен на линкот

17 Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, достапен на линкот

жртвата го остварува правото на социјална и здравствена заштита во согласност со закон; г) обезбедува соодветна психо-социјална интервенција и третман; д) обезбедува жртвата да добие психо-социјален третман при советување од експерти лица во центарот за социјална работа, здружение, советување за жени жртви на насилство и други жртви на семејно насилство; ѓ) обезбедува помош на семејството за редовно образование на дете; е) обезбедува правна помош и застапување; ж) ја насочува жртвата кон соодветните државни и други тела надлежни за економско зајакнување на жртвата и нејзино активно вклучување на пазарот на трудот, преку надлежен центар за вработување, з) во случај на висок ризик и преземање итни мерки за заштита, како и кога жртвата ги користи услугите на привремен престој, а најдоцна во рок од 12 часа од приемот на пријавата, донесува одлука за привремено доверување на грижа и воспитание на деца на родителската жртва.

Иако новиот закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство е граѓански закон и директно не ги регулира убиствата како кривични дела, неговата важност произлегува од фактот дека целосното почитување и спроведување на одредбите ќе придонесе за превенирање на фемицидите.

# МЕТОДОЛОГИЈА

Спроведувањето на Анализата на убиства на жени – Фемициди се одвиваше во четири фази.

**Прва фаза – анализата на законската регулатива** вклучи преглед на релеватните законски документи со фокус на Кривичниот законик и меѓународните практики, како и објавени анализи и истражувања со сличен или ист фокус, од регионот на Западен Балкан и европските држави.

Како резултат на прегледот на горespoментатите документи е предложена најсоодветната дефиниција за овој тип кривично дело, а која ќе може да биде искористена во национален контекст.

**Втора фаза – анализа на индивидуални случаи на убиства на жени.** Првиот чекор потребен да се реализира пред да се започне со анализата на индивидуалните случаи беше идентификување на бројот на жените што биле убиени во перидот 2017 - 2020 година. Искуството на истражувачкиот тим при подготовка на првата студија за фемициди18 е дека најрелеватни податоци за бројот на убистваа на жени на годишно ниво може да се најдат на веб-страницата на Државниот завод за статистика, додека бројот на обиди за убиства - од преглед на дневните билтени на МВР.

По идентификувањето на бројот на убиените жени во периодот што е предмет на оваа анализа, се пристапи кон идентификување на жртвите, односно општината/градот каде што се случило убиството. Овие информации беа добиени преку детален преглед на медиумските објави и дневните билтени на МВР. Ова беше единствениот начин да бидат прибрани ваков тип информации поради тоа што судовите не прибираат податоци според полот на жртвата, а податоците со кои располага Министерството за внатрешни работи, а се во врска со местото на убиството, се поделени по Сектори за внатрешни работи (СВР), кои не се на ист начин организирани како основните судови со проширена надлежност одговорни за овој тип кривични дела. СВР не се на ист начин организирани ни со Јавните обвинителства со проширена надлежност, кои се одговорни за овој тип кривични дела.

Следниот чекор беше подготовка и испраќање барања за увид во судски предмети до сите судови со проширена надлежност каде што било идентификувано дека се случило убиство на жена во перидот од 2017 до 2020 година. Барања за увид беа испратени и до Јавните обвинителства за увид во предметите кадешто сторителот се самоубил откако го извршил убиството.

Во насока на систематско прибирање на податоците беше изработен структуриран прашални,к кој истражувачите го пополнуваа за секој направен увид во предмет. Структурираниот прашалник ги содржи следниве индикатори:

- Возраст и пол на жртва и сторител
- Работна ангажираност на жртва и сторител
- Вид на односи помеѓу жртвата и сторителот
- Вид на попреченост (доколку постои) кај жртва и сторител
- Постоење на насилство
- Метод на убиство
- Дали огненото оружје било регистрирано
- Дали постои дозвола за користење
- Дали дозволата е за приватни или службени цели (ако е за службени за која институција е одобрено)
- Место на случување на убиството
- Мотив за убиството

18 Анализа на фемициди – убиства на жени во Република Македонија, Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2018, достапна на следниот линк

- Дали имало други жртви или сведоци
- Психичка состојба на сторителот
- Член од Кривичен закон според кој е квалификувано делото/поднесено обвинение
- Времетраење на судската постапка
- Висина на изречена казна

**Трета фаза – анализа на медиумски известувања**

Првата анализа на фемициди – убиства на жени во Република Македонија (2008 – 2016 година,) која ја спроведе Националната мрежа против насилство врз жени, покажа дека медиумските објави се фактографски, без подлабока анализа на случаите, не користат родово сензитивен јазик, не го препознаваат убиството како форма на родово базирано насилство и најчесто користат наслови кои се сензационалистички и би го привлекле вниманието на читателите.

Анализата на медиумските известувања има цел да покаже дали се направил чекор напред во однос на оваа тема, односно дали е унапреден начинот на известување. Како резултат на анализата на медиумските известувања беа подготвени конкретни препораки за подобрување.

**Четврта фаза – Сумирање на податоците и подготовка на финален извештај**

Во последната фаза од подготовка на Анализата, откако беа прибрани сите податоци според претходно опишаните чекори, беше подготвен финалниот извештај, кој се состои од наоди од анализираните податоци, заклучоци и препораки за унапредување.

Финалниот извештај ќе биде презентиран пред претставници од релевантните институции.

# НАОДИ

По направениот преглед на достапните информациите во делот Население – Умрени лица од насилна смрт[19], објавени на веб-страницата на Државниот завод за статистика, се доби податокот дека бројот на убиени жени во анализираниот период е вкупно 26.

Во Табела 1 се претставени податоците добиени од Државниот завод за статистика, односно бројот на убиени жени поделени по години, како и причините за смрт.

**Табела 1:** Вкупен број на убиени жени во перидот 2017– 2020 според причини за смрт

| Причини за смрт | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|---|
| Обид за нанесување на телесна повреда со бесење, странгулација и суфокација | 1 | 1 | | |
| Обид за нанесување на телесна повреда со давење и потопување | 1 | | 1 | |
| Обид за нанесување на телесна повреда со истрел од пиштол | | 5 | 1 | |
| Обид за нанесување телесна повреда со истрел од пушка и поголемо огнено оружје | 1 | | | 1 |
| Обид за нанесување на телесна повреда со истрел од друго и од неозначено огнено оружје | | 1 | | 1 |
| Обид за нанесување на телесна со телесна сила | | | | |
| Обид за нанесување на телесна повреда со остар предмет | 1 | 1 | | |
| Обид за нанесување на телесна повреда со тап предмет | 2 | | | |
| Обид да нанесување на повреда на неозначен начин | 3 | 1 | 2 | 2 |
| Вкупно | **9** | **9** | **4** | **4** |

По идентификувањето на бројот на убиени жени за периодот 2017 – 2020 година, се пристапи кон детален преглед на дневните билтени на МВР и медиумските објави од тој период. Споредувајќи ги информациите од повеќе медиуми, беа добиени и подетални информации како име и презиме/иницијали на жртва и сторител или првично осомничен, однос помеѓу жртвата и сторителот, место и начин на случување, а за дел од случаите и мотив за убиство.

На овој начин беа обезбедени основни податоци за 25 убиени жени.

За увид во судските предмети на веќе идентификуваните убиени жени беа испратени барања за пристап за увид во предмет до основните судови со проширена надлежност лоцирани во Скопје, Тетово, Гостивар, Кочани, Битола, Велес, Охрид и Прилеп, а за кои беше утврдено дека имале случаи на убиства на жени. Позитивни одговори беа добиени од сите судови, со исклучок на Тетово, од каде што и по бројни јавувања не одговорија на барањето за пристап за увид во предмет за едно убиство случено во 2018 година.

Предизвик што се појави за време на спроведувањето на увидите е непостоењето на судски предмети за две од убиствата, во Гостивар и Кочани. Дополнително, не сите судови дозволија увид за сите предмети, најчесто под изговор дека не можат да ги најдат. Два од предметите беа сѐ уште во тек, односно донесени се првични пресуди кои се обжалени од сторителот и постапката продолжила на Апелационен суд. За вкупно 10 случаи не беа дозволени увиди во судските предмети.

Поради краткиот временски период предвиден за овој дел од анализата, истражувачите не беа во можност да приберат информации што се случило со постапките за убиствата за кои не се почнати постапки.

Во однос на убиствата на жени по кои следувало самоубиство на сторителот, беше поднесено барање

19 Државен завод за статистика, Соопштенија за насилна смрт достапни на линкот

до Вишото јавно обвинителство – Скопје, од каде што одговорија дека „Јавниот обвинител на Република Северна Македонија или лице овластено од него може да дозволи увид во уписници или списи на јавното обвинителство кои се архивирани“ и барањето на Мрежата е проследено до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. И покрај неколкуте обиди, истражувачите не успеаја да стапат во контакт и да добијат одговор од Јавното обвинителство на РСМ. Посебно беа поднесени барања и до ОЈО Скопје (1 предмет), ОЈО Битола (1 предмет) и ОЈО Кочани (1 предмет), ОЈО Прилеп (1 предмет). Одговор придружен со одобрено барање за увид во предмет беше добиен само од ОЈО Прилеп.

Според првичните информации добиени од деталните прегледи на медиумските известувања и дневниот билтен на Министерството за внатрешни работи, **заклучокот е дека 22 убиства може да бидат квалификувани како фемицид**.

Во првата и во втората анализа е обезбеден увид на околу 50% од судските предмети за убиства на жени. Поконретно, со првата анализа за периодот од 2008 до 2016 беа опфатени 48.5% од вкупниот број убиства, а во оваа анализа се опфатени 61.5%.

При правење процена за едно убиство дали може да се квалификува како фемицид, авторките на оваа анализа земаа предвид три критериуми што произлегуваат од погоре преставените дефиниции за фемицид. Првиот основен критерум е жртвата да е жена, а убиството да е извршено од интимен партнер, поранешен или сегашен, без разлика дали живеат или живееле во исто домаќинство, или од друг машки член на семејството. Вториот критериум е мотивот за убиство – дали жртвата била главна цел на сторителот. И третиот е дали убиството ќе се случело ако се исти околностите, а се променат улогите – жртвата да биде сторител.

Следејќи ги овие критериуми, се доби наодот дека 22 од убиствата на жени се фемициди, а 4 не влегуваат во оваа квалификација.

Имено, во две од убиствата што не беа квалификувани како фемициди, делото било извршено од сосед/роднина на сопругот, а мотивот за убиство не е родово заснован, односно целта не биле жените што биле убиени. Во првиот случај соседот го нападнал целото семејство, при што другите членови добиле полесни повреди, во вториот случај целта бил сопругот на убиената жена. За другите две убиства, надлежните институции не одговорија на барањата за увид, а во медиумските известувања имаше многу малку информации, недоволни за утврдување на мотивот и родовата заснованост на убиствата. Секако не се исклучува фактот дека доколку би постоеле доволно информации, и овие две би можеле да бидат квалификувани како фемициди.

**Табела 2:** Број на фемициди по години

| | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно убиства** | 9 | 9 | 4 | 4 | **26** |
| **Направени увиди** | 5 | 6 | 1 | 4 | **16** |
| **Фемициди** | 7 | 9 | 2 | 4 | **22** |

# НАОДИ ОД СПРОВЕДЕНИ УВИДИ НА СУДСКИ ПРЕДМЕТИ

До основните судови со проширена надлежност - Скопје, Тетово, Гостивар, Кочани, Битола, Велес, Охрид и Прилеп и Основните јавни обвинителства во Скопје, Битола, Прилеп и Кочани беа поднесени барања за увид во 25 судски предмети на убиени жени во периодот 2017 – 2020 година.

**Беа спроведени увиди и беа анализирани 16 предмети на убиства на жени, од кои 14 може да бидат квалификувани како фемициди.** При обработката на добиените податоци предвид беа земени возраст и пол на жртва и сторител, работна ангажираност на жртва и сторител, вид односи помеѓу жртвата и сторителот, вид на попреченост (доколку постои) кај жртва и сторител, постоење насилство, метод на убиство, дали огненото оружје било регистрирано, дали постои дозвола за користење, дали дозволата е за приватни или службени цели (ако е за службени за која институција е одобрено), место на случување на убиството, мотив за убиството, дали имало други жртви или сведоци, психичка состојба на сторителот, член од Кривичен закон според кој е квалификувано делото/поднесено обвинение, времетраење на судската постапка.

Добиените наоди се однесуваат само на делот од анализираните судски предмети за убиства на жени што се квалификувани како фемициди и се претставени согласно погоре набројаните индикатори.

Во однос на возраста на жртвата и сторителот во следната табела се прикажани наодите по возрасни групи.

**Табела 3:** Наоди по возрасни групи

| Возраст | Жртва | Сторител |
|---|---|---|
| До 20 години | | 1 |
| 21 – 30 години | 2 | 2 |
| 31 – 40 години | 3 | 4 |
| 41 – 50 години | 3 | 1 |
| 51 – 60 години | 1 | 2 |
| Над 61 години | 5 | 3 |

Споредено со претходната Анализа на случаи на убиства на жени, и во судските предмети што се предмет на анализа во овој документ не постои разлика помеѓу сторителот и жртвата во однос на нивната вработеност/невработеност.

**Табела 4:** Етничка припадност

| Етничка припадност | Жртва | Сторител |
|---|---|---|
| Македонска | 10 | 7 |
| Албанска | 3 | 4 |
| Ромска | 2 | 2 |
| Турска | | 1 |

Според етничката припадност, најголем дел од жртвите и сторителите се Македонци (повеќе од 70%), додека преостаните жртви се од албанска и ромска етничка припадност. Само 1 сторител е од турска етничка припадност.

Иако како дел од структурираниот прашалник беше вклучено прашање за постоење попреченост кај жртвата и сторителот, во ниеден од анализираните предмети не беше добиена информација за ваква состојба.

Добиените наоди поврзани со односот помеѓу жртвата и сторителот се очекувани и се поклопуваат со наодите добиени во претходната студија. Имено **од вкупно 14 убиени жени, 10 се убиени од сегашен или поранешен интимент партнер.** Другите 4 се убиени од блиски лица, членови на потесното семејство. Една жена е убиена од нејзиниот син, две жени се убиени од внуците и една од близок роднина.

**Табела 5**: Однос помеѓу жртва и сторител

| Видови односи | |
|---|---|
| Сопружници | 5 |
| Вонбрачни партнери | 3 |
| Интимни партнери | 1 |
| Поранешни сопружници/ партнери | 1 |
| Син/Мајка | 1 |
| Внук/баба | 2 |
| Други членови на семејството/роднини | 1 |

Како и во претходната анализа, и овој пат фокус беше ставен на постоење пријава на насилство и постапување на институциите. Во повеќе од 80% од случаите, иако постоело насилство за кое подоцна во постапката сведочеле и блиски роднини на жртвата, **ниедна од 14 убиени жени не го пријавила насилството што го преживувала во надлежните институции.** Поголемиот дел од убиените жени биле изложени на повеќе од една форма на родово базирано насилство, а 6 од нив добивале и закани за убиство.

**Табела 6:** Форма на насилство што му претходела на убиството

| | |
|---|---|
| Психичко насилство | 9 |
| Физичко насилство | 6 |
| Закани за убиство | 6 |
| Сексуално насилство | 1 |
| Вербални расправии | 3 |
| Економско насилство | 2 |

Најголем број убиства се извршени со нож, при што на жртвите им биле нанесени повеќе смртоносни убоди. При вршење на убиствата, во 3 случаи сторителот употребил повеќе методи за да ја постигне крајната цел – лишување од животот на жртвата. Промена на методот на убиство се случувала кога првично употребениот метод не бил успешен, па сторителите продолжувале со тоа што им било најдостапно – сопствената физичка сила (давење, удари со клоци, боксови)

**Табела 7:** Метод на убиство

| | |
|---|---|
| Удар со тап предмет (метален боксирач, сукало) | 2 |
| Убодни рани со нож | 5 |
| Удар со тупаници/клоци | 1 |
| Огнено оружје – пиштол | 3 |
| Давење | 4 |
| Удари со секира | 1 |
| Ја запалил жива | 1 |

Во 2 од трите случаи каде што било искористено огнено оружје - пиштол за извршување на кривичното дело – убиство, истото било регистрирано, а сторителите поседувале дозвола за користење за приватни цели. Сторителот што го извршил убиството со нерегистрирано оружје, покрај за ова кривично дело, бил гонет и за неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материјали согласно член 396 од Кривичниот законик.

Споредбено со наодите од првата анализа, користењето огнено оружје за вршење на убиството е намалено, односно во периодот од 2008 до 2016 од вкупно 28 анализирани убиства на жени, 15 или 53.5% се извршени со огнено оружје, за кое во 7 случаи сторителот не поседувал дозвола за користење, а за 4 случаи не постоеше информација за поседување/непоседување поради тоа што сторителот се самоубил веднаш откако го извршил убиството. Во периодот од 2017 до 2020 година, 21% од убиствата се извршени со огнено оружје, односно 3 од 14 жени. Само двајца сторители поседувале дозвола за приватни цели.

И во однос на мотивот за убиство, наодите многу наликуваат на тие од првата Анализа на убиства на жени (2008-2016). Како најчести мотиви се јавуваат конфликтни односи помеѓу сторителот и жртвата кои се во

интимна партнерска врска, независно дали е брачна или вонбрачна, кои може да бидат и од финансиска природа. Имено, во 3 од случаите убиството се случило откако жртвата одбила да му даде пари на сторителот. Убиството е крајна последица од економското насилство што му претходело.

Зависноста од алхолол и опијати се јавува како придружен мотив, најчесто во комбинација со конфликнти односи или психичко растројство.

**Табела 8:** Мотив за убиство

| | |
|---|---|
| Конфликтни односи помеѓу актуелни партнери | 5 |
| Психичка состојба/растројство | 5 |
| Зависност од алкохол, дрога и други психотропни супстанции | 3 |
| Развод на брак/прекин на врска | 3 |
| Конфликти од финансиска природа | 3 |

**Најголем број од убиствата (50%) се случиле во семејниот дом, односно домот каде што сторителот и жртвата живееле заедно,** додека 25% од убиствата се случиле во домот во кој жртвата живеела сама или со своите родители или други членови на семејството.

**Табела 9:** Место на случување на убиството

| | |
|---|---|
| Семеен дом | 7 % |
| Јавен простор | 2 % |
| Дом на жртвата | 1 % |
| Дом на родителите/други членови на семејството на жртвата | 3 % |
| Дом на сторител | 1 % |

Застрашувачки е податокот дека дури 6 малолетни деца биле сведоци на убиствата, од кои 4 биле директни сведоци, односно биле присутни во истата просторија кога сторителот го извршувал убиството. Фокусот на оваа анализа се убиствата на жени, па поради тоа и прашалникот по кој се прибираа информациите за предметите не вклучуваше прашања за децата, односно единственото прашање беше дали жртвата има деца. Во 2018 година беше објавена национална студија за превенција, идентификација, пријавување и упатување во случаи на насилство врз деца, во која е даден преглед на националните механизми за одговор. Оваа студија го опфаќа граѓанскиот систем на заштита на децата жртви на насилство, но не и кривичноправниот систем.[20] Прибирањето податоци за вклучувањето на децата во кривични постапки како сведоци, како и податоци за заштитата што им е обезбедена од надлежните институции е тема на посебна анализа, која е неопходно да се спроведе како следен чекор.

Во однос на психичката состојба на сторителите, при увидот во предметите во 7 случаи беше забележано постоење на некаков тип растројство, кое било претходно дијагностицирано. Се работи за психотични и параноидни растројства во различен стадиум за кои е потребен долгогодишен третман. Скоро за сите обвинети за вршење кривично дело убиство судот побарал психијатриско вештачење за психичката состојба на сторителот и пресметливоста во моментот на убиството.

**Табела 10:** Кривични дела според кои е поднесено обвинение

| | |
|---|---|
| Член 123 став 2 т.2, вв чл.12 став 2 | 1 |
| Член 123 став 2 т.2, вв чл.12 став 1 | 1 |
| Член 123 став 2 т.1 и т.2 | 3 |
| Член 123 став 2 т.1 | 1 |
| Член 123 став 2 т.2 | 6 |
| Член 123 став 1 | 1 |
| Самоубиство на сторителот | 1 |

20 Превенција, идентификација, пријавување и упатување во случаи на насилство врз деца: Преглед на националните механизми на одговор, достапна на следниот линк

**Отежителна околност – убиство во семејно насилство е предвидена при квалификација на делото во 11 случаи.**

При анализата на предметите на убиства на жени се следеше и времетраењето на судската постапка. Забележително е брзото постапување и на Јавното обвинителство и на основните судови во овие постапки. Половина од судските постапки, поточно за 7 случаи на убиства, завршиле за помалку од три месеци.

Едната постапка сѐ уште не е завршена, предметот неколкупати се враќа, дури има и промена на квалификаторниот облик на делото. Бидејќи предметот е сѐ уште отворен, во оваа анализа нема да бидат споделени детали за текот на постапката.

Висината на изречена казна се движи од 10 години до доживотен затвор (во два случаја), со исклучок на два случаја каде е изречена казна - мерка на безбедност: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа.

Во однос на времетраењето на судската постапка, кај 4 од предметите имало признание од страна на сторителите и постапките се завршувале во период до 3 месеци. Во еден предмет, каде се работи за сторител со дијагноза за потешко психичко растројство, постапката завршила за 1 месец и е досудена казна - мерка на безбедност: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа. Во два од случаите, обвинетите поднеле жалба за пресудата, па постапките сѐ уште се во тек, но основните судови што првично да воделе судската постапка ја донеле пресудата за 6, односно 7 месеци. Исто така постапките за другите случаи на убиства на жени завршувале во период од 3 до 6 месеци.

Споредено со наодите од претходната анализа, се бележи мал напредок во итноста на постапките, односно првата анализа покажува дека постапките траат од 3 до 20 месеци, при што подолги се само тие каде што сторителот има нарушено ментално здравје и е потребно вештачење од стручно лице.

Од вкупниот број фемициди, истражувачкиот тим доби дозвола за увид во судските предмети за 14 случаи. За преостанатите 7 информациите беа добиени само од медиумските известувања. Во пет од случаите, сторител е сопруг, во еден вонбрачен партнер, а за едно убиство нема информација за осомничен. Две од убиствата се извршени со огнено оружје – пиштол, за кое нема информација дали сторителот поседувал дозвола. Тројца од сторителите се самоубиле откако го извршиле убиството. Во ниедно од медиумските известување немаше информација за можниот мотив за убиство.

# ФЕМИЦИДИТЕ И ОГНЕНОТО ОРУЖЈЕ

Жените се најчесто жртви на злоупотреба и бесправно користење огнено оружје, особено во семејно насилство, додека мажите во најголем број се сторители на ваквите дела. Генерално, во Југоисточна Европа повеќе од 95% од огненото оружје го поседуваат мажи, а жените помалку од 5%[21]. Во Република Северна Македонија, процентот е уште повисок, односно 99.5% од целото огнено оружје е во сопственост на мажи, додека жените поседуваат само 0.5%. [22]

Според објавената студија на SEESAC (Југоисточна и Источноевропска клириншка куќа за контрола на малото и лесно оружје (СЕЕСАЦ)[23] - Злоупотреба на огненото оружје при семејно насилство во Југоисточна Европа)[24], фемицидите се најчеста форма на убиства извршени од член на семејството. Во самиот документ е објаснето дека под „член на семејството" се подразбира а) сегашни или поранешни брачни партнери; б) деца, родители и други членови со крвно сродство, посвоени членови; в) лица што живеат или живееле во исто домаќинство; г) лица што се или биле во некаква емоционална или сексуална врска, имаат заедничко дете или чекаат да им се роди дете иако никогаш не живееле заедно.

Имено, според наодите во студијата, 61% од сите убиени жени, биле убиени од член на семејството, а кај мажите овој процент изнесува 12.4%, што како податок само ги потврдува наодите и од други истражувања и анализи, дека жените најчесто се убивани од лица на кои им веруваат. Анализа на фемициди спроведена во Македонија, покажува дека повеќе од 80% од убиените жени се убиени од член на семејството според погоре зададени критериуми што овој термин ги опфаќа.

Понатаму, според наодите од студијата, од вкупниот број убиени жени и мажи, интимен партнер е сторител на насилството во 38.6% од случаите на убиени жени и во 1.2% на убиени мажи. Особено загрижува податокот дека во 68.9% од случаите на фемициди, убиството се случило во домот, што ја намалува можноста жртвата да избега.

Во Југоисточна Европа, според наодите на истата студија, во 36.5% од случаите на убиства на жени, делото е извршено со огнено оружје од страна на член на семејството, а интимен партнер е сторител на делото во 43.5% случаи на убиства на жени со огнено оружје. Анализата на фемициди во Македонија покажува дека повеќе од 30% од убиствата на жени се извршени со огнено оружје[25].

Во однос на добивањето дозвола за поседување огнено оружје, студијата покажува дека во Југоисточна Европа, само 8.5% од апликантите биле одбиени на основа дека се сторители на семејно насилство, додека само кај 2.3% од повлечените дозволи за огнено оружје како причина било наведено семејно насилство.

Можеби еден од најзначајните наоди во оваа студија е дека злоупотреба на оружје е пријавено во само 0.3 проценти од регистрирани кривични пријави за семејно насилство, што само го потврдува фактот дека сивата бројка е многу поголема.

Истражување со сличен фокус е спроведено и во Србија[26], каде што, пак, наодите покажуваат дека секој петти фемицид е извршен со огнено оружје (21.1% од вкупниот број на фемициди). Еден од главните наоди е дека постои значително поголем ризик за жената да биде жртва на насилство со огнено оружје од страна на партнер или друг член на семејството. Имено, скоро 95% од случаите на фемициди што биле опфатени со ова истражување, 84% од обидите за фемициди и 86% од заканите со огнено оружје, биле извршени од интимен партнер.

21 Gender and SALW in South East Europe, достапно на линкот

22 Родот и малото оружје во Северна Македонија, достапно на линкот

23 *Југоисточна и Источноевропска клириншка куќа за контрола на малото и лесно оружје (СЕЕСАЦ) е заедничка иницијатива на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Советот за регионална соработка (РЦЦ), која има цел да ги зајакне националните и регионалните капацитети за контрола и намалување на пролиферацијата и злоупотребата на малото и лесно оружје, и на тој начин да придонесе за зајакнување на стабилноста, безбедноста и развојот во Југоисточна и Источна Европа.*

24 The misuse of firearms in domestic violence in South east Europe, достапно на линкот

25 Наодот за Македонија го опфаќа периодот од 2008 – 2020 година.

26 Analysis of cases of femicide committed with firearms, достапно на линкот

# МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА СЛУЧАИТЕ НА ФЕМИЦИДИ ВО МАКЕДОНИЈА

Медиумите се едни од главните актери во зголемувањето на свесноста на сите форми на родово базирано насилство, особено во време на пандемија. Медиумското известување на оваа тема, вклучувајќи го и известувањето за фемицидите, како најтешка форма на родово базирано насилство, има клучна улога во креирање и спроведување на социјалните разбирања за причините и последиците од различните форми на насилство. Медиумите може да влијаат и на политиките што се креираат и усвојуваат од државните институции, а кои се однесуваат на кривична правда.

Низ годините, медиумското известување на оваа тема се менува, се унапредува, но не доволно за да ги претстави фемицидите како дел од поголем општествен проблем поврзан со насилство врз жени и вкоренети нееднаквости помеѓу мажите и жените. Целта на медиумите е да покренуваат прашања, да информираат, да едуцираат, да го помогнат разбирањето на општата популација за социјалните и општествени теми од интерес, да поттикнуваат дијалог и, најважно, да служат како катализатори на промени.

За да го постигнат ова, медиумите треба да бидат едуцирани и сензибилизирани како да известуваат за родовите прашања и родово базираното насилство на непристрасен начин, со избегнување на виктимизација и стигматизација на жените и жртвите на насилство[27]. Во спротивно, медиумите ќе придонесат за зајакнување на стереотипите, предрасудите и креирање погрешна слика за корените на родово базираното насилство, каде што доминираат наративи во кои причината за насилството се бара во жртвата, а не во сторителот или во непостапувањето на институциите. Наративот во кој се бара оправдување за сторителот, претставувајќи го како одговорен, вреден, мирен човек, кој бил почитуван од соседите, ја насочува публиката кон барање вина и одговорност од жртвата т.е. што таа направила за да го вознемири тој мирен човек. Овие наративи може да придонесат и за зголемување на ризикот од насилство, како и зголемување на бројот на фемициди како најтешка форма.

Со цел идентификување на жените што биле убиени во периодот од 2017 до 2020 година, а поради недостатокот на соодветна дата-база од која би можеле да се добијат овој тип информации, беше направен детален преглед на медиумските известувања за овој период. Тие, покрај тоа што им помогнаа на истражувачите за првичната цел, беа искористени и за анализа на текстот во самите известувања. Целта на анализата беше да се утврди дали има подобрување во начинот на известување за случаите на фемициди – убиства на жени, преку компарација со наодите од првата анализа. Во овој процес беа опфатени 88 медиумски известувања.

При анализирањето беа земени предвид следниве индикатори:

- постоење лични информации за сторителите и жртвите (име и презиме, возраст, место на живеење);
- употреба на директни или индиректни обвинувања на жртвата;
- контекстуализирање на случаите на фемициди како индивидуални проблеми или како дел од пошироко прашање поврзано со родово базирано и/или интимно партнерско насилство.

Дополнително, анализата вклучи и постоење информации за судскиот процес и пресуда, односно постоење на медиумиски известувања за текот на судскиот процес и конечната казна за сторителот.

Она што е забележливо во медиумските известувања за убиствата на жени во Северна Македонија е фактографското претставување на случајот преку информации добиени од дневните билтени на МВР. Сите медиумски известувања се речиси исти, многу често со текст што комплетно соодветствува со текстот од дневниот билтен на МВР. Во сите известувања недостасува осврт на убиството како форма на родово базирано насилство, комплексноста на насилството како појава и општествен проблем, неговите причини и последици, објаснување на терминот фемицид.

27 Прирачник за родово сензитивно известување во медиумите, достапен на линкот

Во однос на личните податоци, во речиси сите известувања беа наведени иницијали, возраст и место на живеење на жртвата и сторителот, како и информација за нивниот однос.

Дополнително, во сите известувања недостасува информација за постапување на институциите, осврт на Кривичниот законик, ратификувани меѓународни документи на оваа тема  и можните и очекувани казни за сторителот. Изостануваат и изјави/интервјуа со експерти од областа или изјави од одговорни лица од институциите. За ниеден од фемицидите не беше пронајдено последователно известување за судскиот процес и досудената казна за сторителот.

Споредено со наодите од првата анализа, единствена разлика постоеше во насловите на медиумските известувања. Имено, во периодот опфатен со оваа анализа (2017–2020), терминологијата и поистоветувањето на убиствата со „љубовна драма", „семејна драма" се значително намалени, но сепак постојат.

*„Семејна драма во Прилеп со трагичен крај: МВР со детали за двојното убиство"*

Она што е забележително е променетиот наратив што се користисти во сензационалистичкото известување, особено при креирање на насловите, чија основна цел е да го привлечат читателот да го отвори линкот, иако во самиот текст нема многу информации за самиот настан. Имено, голем број наслови на медиумските известувања за убиства на жени го вклучуваат начинот на извршување на убиството, како и односот на жртвата и сторителот.

*„За убиството на жената во Битола осомничен нејзиниот сопруг, ја убил со сукало"*

*„Скопјанка починала откако сопругот ја претепал"*

*„Внук ја убил баба си со метален боксирач – 30 дневен-притвор за убиецот"*

*„Ужас во Македонија: Со нож ја убил партнерката пред очите на десетгодишното дете"*

*„Убиство во Драчево: Внук си ја заклал бабата"*

*„Кочанчанецот ја бодел сопругата со нож, па ја докрајчил со чекан – сè гледал малолетниот син"*

Друг дел од насловите користат зборови што, од една страна, предизвикуваат терор кај читателот, но истовремено поттикнуваат љубопитност за дознавање на деталите за убиството. Но, многу малку од медиумските известувања навистина обезбедуваат суштинска и значајна информација за настанот за кој пишуваат во насловот.

*„Мртва жена пронајдена во Центар - се слушале крици за помош"*

*„Убиство во Битола, жена пронајдена во бара крв во нејзиниот стан"*

*„Детали за убиената жена во Гостивар: Ја избодел со нож, сликата била ужасна"*

*„Морничаво злосторство на Велики четврток ја потресе Македонија – детали за убиството"*

*„Охрид: Мајка на две деца попладнево убиена во својот дом"*

*„Работела како шивачка и била во врска: Кој и зошто ја уби 47-годишната жена во Охрид"*

Останува отворено прашањето дали овие настани, убиства на жени се споделуваат од медиумите само за да се добијат повеќе кликови (отварања на веб-страницата).

Позитивен аспект од анализата на медиумските известувања е дека не беше забележан говор на директно или индиректно обвинување на жртвите за тоа што се случило, ниту коментирање на карактерот на сторителот (со еден исклучок[28]), што, од една страна, може да е резултат на сензибилизација и едукација на медиумите преку обуките што ги спроведуваат граѓанските организации. Но, од друга страна, земајќи предвид дека медиумските известувања се фактографски, со првземени текстови од дневните билтени на МВР, ваквото известување укажува на недоволно разбирање, незаинтересираност и ниско ниво на посветеност на медиумите за оваа тема.

На крајот од овој дел, го издвојуваме единственото медиумско известување во кое е искористен терминот

28 Ја избодел со нож, па ги барал соседите - сведоштво за убиството во Прилеп | Press24

„фемицид" и за чија цел е направено интервју со експерт од областа, односно претставена е поврзаноста на родово базираното насилство со убиството на жената. Иако новинарот/новинарката и во овој текст можел/а да дополни информации за националното законодавство, Истанбулската конвенција и постојниот систем за заштита на жртвите на семејно насилство, како би ги информирал/а жртвите каде да побараат помош, сепак, ова медиумско известување може во иднина да биде искористено како позитивен пример при подготовка на објави со ваква или слична содржина.

*„Вчерашното убиство во Кочани, прв фемицид во 2018 година"*[29]

*Вчерашното убиство на сопругата со нож и чекан од 54-годишниот сопруг, кое се случи во раните утрински часови во Кочани, е прв случај на фемицид во 2018 година, сметаат експертите.*

*Според Благица Кирова од невладината организација ЕХО од Штип, која работи со жртви на семејно насилство, вчерашната крвава семејна драма во која е убиена жена, а потоа се самоуби и сопругот, е класичен пример со кој се отсликува родовата димензија на семејното насилство.*

*- Фемицидот е најтешка форма на дискриминација на жените. Тоа е убиство на жена затоа што е жена. Најтешка форма на насилство врз жени и девојчиња, вели Кирова.*

*И покрај тоа што надлежните институции немаат регистрирано насилство во тоа кочанско семејство, според Кирова, ваквиот чин е резултат на долгогодишна психичка и физичка тортура, која се криела од институциите.*

*- Сознанијата што ги имаме говорат дека многу често семејното насилство и насилството врз жените останува скриено во фамилиите. Значи не се пријавува, најчесто поради предрасуди кај самите жени жртви за да се зачува имиџот на нормално, функционално семејство, за да не се остават децата сами да се снаоѓаат, да се издржи во тешки околности. Како некој што со години се занимава со оваа проблематика, сметам дека ова не е случај што сега се случил инцидентно - рече Кирова.*

*Во Македонија нема официјална статистика на фемициди, но според анализа направена од невладини организации, во изминатите три години, на државно ниво се регистрирани 19 случаи на фемицид.*

29 Вчерашното убиство во Кочани, прв фемицид во 2018 година | Press24

# ЗАКЛУЧОЦИ

Прибирањето податоци за убиства на жени е исклучително тежок и долг процес. Тоа е резултат на непостоење на систем на прибирање на податоци за оваа најтешка форма на родово базирано насилство, иако системот не постои ни за другите форми на насилство врз жени. Дополнително, невозможно е да се спроведе сеопфатна и целосна анализа на сите фемициди на национално ниво поради нереспонзивноста на некои од судовите и јавните обвинителства, со што пристапот и увидот во судските предмети за случаите на убиства на жени се оневозможени.

Па оттаму, и во првата и во втората анализа, обезбеден е увид на околу 50% од судските предмети за убиства на жени. Поконкретно, со првата анализа за периодот од 2008 до 2016 беа опфатени 48.5% од вкупниот број убиства, а во оваа анализа се опфатени 61.5%.

**Во периодот 2017 – 2020 година се убиени вкупно 26 жени,** според податоците на ржавниот завод за статистика. **Од нив, 22 убиства (84%) може да бидат квалификувани како фемициди.**

**Од направените увиди во предметите за убиства на 16 жени, кривичното дело може да биде квалификувано како фемицид во 14 случаи.**

**Кај повеќе од 75% од анализираните случаи на убиства на жена кривичното дело е извршено од страна на актуелниот или поранешен брачен или вонбрачен партнер со кого живеела во заедница**.

Во повеќе од 80% од случаите, иако постоело насилство за кое подоцна во постапката сведочеле и блиски роднини на жртвата, **ниедна од 14 убиени жени не го пријавила насилството што го преживувала во надлежните институции.** Поголемиот дел од убиените жени биле изложени на повеќе од една форма на родово базирано насилство, а 6 од нив добивале и закани за убиство.

**Најголем број од убиствата (50%) се случиле во семејниот дом, односно домот каде што сторителот и жртвата живееле заедно,** додека 25% од убиствата се случиле во домот во кој жртвата живеела сама или со своите родители или други членови на семејството. Овој заклучок е само уште една потврда дека жените во Република Северна Македонија се најнебезбедни во својот дом.

Не постои значајна разлика помеѓу сторителот и жртвата во однос на нивната економска состојба, т.е. вработеност/невработеност. Додека, според етничката припадност најголем дел од жртвите и сторителите се Македонци (повеќе од 70%), а преостанатите жртви се од албанска и ромска етничка припадност.

Користењето огнено оружје за вршење на убиството е намалено, односно **во педиодот од 2008 до 2016 од вкупно 28 анализирани убиства на жени, 15 или 53.5% се извршени со огнено оружје**, за кое во 7 случаи сторителот не поседувал дозвола за користење, а во 4 случаи не постоеше информација за поседување/непоседување поради тоа што сторителот се самоубил веднаш откако го извршил убиството. **Во периодот од 2017 до 2020 година, 21% од убиствата се извршени со огнено оружје**, односно 3 од 14 жени. Само двајца сторители поседувале дозвола за приватни цели.

**Застрашувачки е податокот дека дури 6 малолетни деца биле сведоци на убиствата**, од кои 4 биле директни сведоци, односно биле присутни во истата просторија кога сторителот го извршувал убиството.

**Отежнителна околност – убиство во семејно насилство е предвидена при квалификација на делото во 11 случаи** од вкупно 14 во кои е направен увид, а кои може да се квалификуваат како фемициди. Доколку се споредат наодите со првата анализа на убиства на жени, може да се заклучи дека постои позитивен исчекор кај јавните обвинители во препознавање на родово базираното насилство и соодветно квалификување на кривичното дело.

Останува отворено прашањето зошто едниот од двата случаја не е квалификуван како убиство во семејно насилство, особено ако се земе предвид односот помеѓу жртвата и сторителот. Имено се работи за поранешни интимни партнери, кои живееле во вонбрачна заедница, но биле разделени кога се случило убиството.

**Висината на изречената казна се движи од 10 години до доживотен затвор** (во два случаја), со исклучок на два случаја каде е изречена казна - мерка на безбедност: задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа.

Споредено со наодите од претходната анализа, **се бележи мал напредок во итноста на постапките**, односно првата анализа покажува дека постапките траат од 3 до 20 месеци, при што подолги се само тие каде што сторителот има нарушено ментално здравје и е потребно вештачење од стручно лице. Наодите од оваа анализа покажаа дека во просек основниот суд донесува пресуда за 3 до 6 месеци, која потоа може да биде обжалена и постапката да се префрли во апелација.

Македонскиот кривичен закон не ги препознава фемицидите како посебно кривично дело, туку предвидува отежнителна околност ако убиството е извршено во семејно насилство со што казната за сторителот се движи од 10 години до доживотен затвор. Предложените измени на Кривичниот законик, кои се влезени во собраниска процедура, а се во однос на дополнување на отежнителната околност за убиство „при вршење семејно насилство“ со „при вршење семејно и родово базирано насилство“ се позитивен чекор, но нема да придонесат за препознавање на родовиот аспект на насилството и на жените како најчести жртви на убиства од страна на интимен партер или друг член на семејството. Слична е состојбата и во земјите членки на Европската Унија во однос на дефинирање на фемицидите како посебно кривично дело, но она што постои во законодавството во тие земји е појасно дефинирани отежнителни околности (родово базиран акт на убиство на жена; убиство на партнер; смрт на жена како последица на интимно партнерско насилство).

Истанбулската конвенција, исто така, предвидува отежнителни околности за сторителите на родово базирано насилство, кои треба да се земат предвид и да се вметнат во Кривичниот закон.

Прецизно и јасно дефинирање на родовиот аспект во кривично-правната заштита и предвидување повисоки казни за сторителите се особено важни за превенирање на фемицидите како најчеста форма на убиства на жени во нашата држава.

# ПРЕПОРАКИ

Националната мрежа против насилство врз жени ги спроведе двете анализи на фемициди – убиства на жени, и тоа од 2008 до 2016 и од 2017 до 2020 година. Овие сознанија, заедно со целокупното искуство на мрежата во поддршка на жени жртви на семејно и родово базирано насилство, се основата за препораките во насока на унапредување на системот на превенција и заштита на жените жртви на родово базирано и семејно насилство. Уверени сме дека усвојувањето на препораките ќе придонесе за превенирање на фемициди како последица од долгогодишна изложеност на интимно партнерско и семејно насилство.

1. **Измени и дополнувања на Кривичниот законик преку предвидување на фемицидот како посебно кривично дело** или дополнување на отежнителните околности при квалификација на основното убиство со попрецизно дефинирање на родово базираното насилство по примерот на европските земји. Родово базиран акт на убиство на жена, убиство на интимна партнерка/сопруга, смрт на жена како последица на интимно партнерско насилство, женски фетицид, убиство на жена или девојка во „име на честа" се предложените отежнителни околности што треба да бидат вметнати во постојниот Кривичен закон.

2. Предложена дефиниција за фемицид е **„родово базирано убиство на жени",** кое може да се јави во повеќе форми: а) убиство како резултат на семејно/интимно партерско насилство; б) тортура и мизогино убивање жени; в) смрт на жени и девојки како последица на штетни практики (убивање на жени во „име на честа", женско генитално осакатување); г) таргетирано убивање на жени во вооружен конфликт; д) убиства на жени поради мираз; ѓ) убиства на жени поради нивната сексуална ориентација и родов идентитет; е) женски инфантицид и фетицид (родово базирана полова селекција); ж) друг тип фемициди поврзани со банди, организиран криминал, дрога, трговија со луѓе и поседување оружје.

3. **Развивање систем за прибирање податоци** според пол, етничка припадност, место на живеење (рурално/урбано), мотив за убиство, односот помеѓу жртвата и сторителот, поврзаноста помеѓу убиството и претходната изложеност на насилство, криминална историја на сторителот, околности во кои се случува кривичното дело, а во согласност со утврдените насоки од Европскиот институт за родова еднаквост, како би можела и Република Северна Македонија да биде дел од европската статистика за фемициди.

4. **Воспоставување Опсерваторија за следење на фемициди (Femicide Watch).** Основната цел на опсерваторијата е да воспостави систем на следење и навремено известување за родово базираните убиства на жени, кој би вклучувал податоци за бројот на фемициди на годишно ниво, разделени по возраст на сторител и жртва, однос помеѓу сторител и жртва, како и информации за гонењето и казнувањето на сторителите[30].

5. Министерството за внатрешни работи на полугодишно и годишно ниво да **објавува податоци за фемициди** – убиства на жени и девојчиња.

6. Согласно претходно утврдени критериуми усогласени со податоците од другите институции, **Државниот завод за статистика да прибира податоци за убиства на жени** и да објавува посебни извештаи на годишно ниво.

7. Од аспект на превенирање идни фемициди, потребно е да се **унапреди процесот на добивање дозвола за оружје и за приватни и за службени цели**. Имено, психолошката процена на лицето што поднело барање и на кое му била издадена дозвола мора да се повторува во однапред определени интервали. Редовната психолошка процена е потребна затоа што психичката состојба може да се промени како резултат на секојдневните (негативни) случувања во животот на поединецот, и како последица на тоа огненото оружје да биде искористено за повреда или лишување од живот друго лице.

8. **Јакнењето на капацитетите на полициските униформирани службеници, како и инспекторите за семејно насилство**, особено за препознавање на различните форми на насилство и соодветна процена на ризик по животот на жртвата е неопходно за навремено постапување и заштита од идно насилство, кое може да резултира со фемицид. Вклучувањето на родово базираното насилство како тема во наставната програма за основна обука за полицаец и како посебен модул во редовниот курикулум на Полициска академија е најодржливото решение.

9. Министерството за внатрешни работи во соработка со другите релевантни институции и граѓански организации што работат на ова прашање, **да спроведува континуирана кампања за информирање на општата популација за улогата и одговорноста на полициските службеници** во заштитата и превенцијата на различни форми насилство врз жените.

30 Повеќе за Опсерваторија за фемициди може да се најде на следниот линк

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. Dr. Slobodanka Konstantinović Vilić, dr Nevena Petrušić, Kosana Beker, Pancevo, 2019: DRUŠTVENI I INSTITUCIONALNI ODGOVOR NA FEMICID U SRBIJI I
2. Prof. dr Nevena Petrušić, Doc. dr Natalija Žunić, Dr Vida Vilić, Pancevo, 2019: DRUŠTVENI I INSTITUCIONALNI ODGOVOR NA FEMICID U SRBIJI II
3. Dr. Slobodanka Konstantinović Vilić, dr Nevena Petrušić, Pancevo I Nis, 2021: Pokusaj femicida I femicid u Srbiji: sprecavanje I procesurianje
4. Shalva Weil, Consuelo Corradi, Marceline Naudi, 2018: Femicide across Europe: Theory, research and prevention
5. UNDP: Gender and SALW control: Legislative and policy frameworks in SEE
6. Academic Council on the United Nations System (ACUNS), 2017: Femicide Volume VII
7. UNODC, 2018: Global study on homicide: Gender related killings of women and girls
8. UNODC, 2019: Global study on homicide: Gender related killings of women and girls
9. SEESAC, 2019: Misuse of firearms in domestic violence in South East Europe
10. EIGE (European institute for gender equality), 2017: Terminology and indicators for data collection: Rape, femicide and intimate partner violence
11. Autonomous women's center, 2021: Analysis of cases of femicide committed with firearms (June 2017 – June 2020)
12. Women's AID, 2017: Behind closed doors
13. ХОПС, 2021: Родово базирано насилство врз жени кои употребуваат droги
14. СЕЕСАЦ, 2019: Родот и малото оружје во Северна Македонија
15. Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2018: Анализа на случаи на фемициди - убиства на жени во Република Македонија
16. Autonomni ženski centar, 2021: FEMICID – UBISTVA ŽENA U SRBIJI Kvantitativno-narativni izveštaj (1. januar - 30. Jun 2021. Godine)
17. Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, 2018: Превенција, идентификација, пријавување и упатување во случаи на насилство врз деца – Преглед на националните механизми за одговор

german
cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

ROADMAP
FOR SALW CONTROL
IN THE WESTERN BALKANS BY 2024

UNDP

**Автор на публикацијата:**
Национална мрежа против
насилство врз жените
и семејно насилство
„Глас против насилство“

Национална
мрежа
против насилство врз
жените и семејното
насилство